Арх.бр.09-78/1 од
22.05.2024 година

Врз основа на одредбите од Законот за инвестициски фондови (Сл. весник на РМ бр.12/2009, бр.67/2010, бр.24/2011, бр. 188/2013, бр.145/2015, бр.23/2016, и Сл. весник на РСМ бр.31/2020, бр. 150/2021 и 288/2021), Одлуката за усвојување на Статутот на Отворениот инвестициски фонд Иново Статус Солар бр. 02-77/2 од 22.05.2024 година, член 52 од Статутот на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје (во понатамошен текст: Друштво за управување), Одборот на директори на Друштвото за управување на 22.05.2024 година, го донесе следниот:

**С Т А Т У Т**
**на Отворен инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС СОЛАР**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Со овој Статут се уредува основањето, организирањето на Отворен инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС СОЛАР (во понатамошниот текст: Фондот), правните односи на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје АД Скопје (во понатамошен текст: Друштвото за управување) со сопствениците на удели во Фондот, како и други прашања од интерес за остварување на целите на Фондот.

Член 2
Статутот на Отворениот инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС СОЛАР е донесен со Одлука бр.02-78/2 од 22.05.2024 година од Одбор на директори која е одобрена од Комисијата за хартии од вредност, со Решение УП бр.________________________година.

Член 3
Овој Статут ги уредува следните содржини: називот на фондот и видот на фондот; датум на основање на фондот, како и времето на траење на фондот; известување на сопствениците на удели, (место каде можат да се добијат акти и информации за фондот); права од уделите; инвестициски цели и ризик од вложување и од структурата на фондот; најнискиот износ на вложување во фондот, начин на продажба и упис, како и начин на откуп на удели во фондот; начин и време на пресметка на нето вредноста на имотот на фондот; време, начин и зачестеност на пресметка на продажната цена при издавање на нови удели или откуп на удели, како и начин на објавување на цените; околности под кои може да дојде до прекин на продажба и откуп на удели; годишен надоместок и трошоци за управување и работа кои паѓаат на товар на инвестицискиот фонд и опис на нивното влијание врз идните приходи на вложувачите; пресметка и исплата на дел од добивката на фондот; времетраење на фискална година; датум на донесување на статутот; податоци за Друштвото за управување и останати одредби.

## 2. НАЗИВ НА ФОНДОТ И ВИДОТ НА ФОНДОТ

Член 4
Називот на Фондот гласи: Отворен инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС СОЛАР (во понатамошен текст: Фондот).
Скратен назив на Фондот гласи: ИНОВО СТАТУС СОЛАР о.ф.

Член 5

Фондот се организира како отворен инвестициски фонд кој претставува посебен имот без својство на правно лице, чии сопственици на удели имаат право на сразмерен дел од добивката на фондот и во секое време имаат право да побараат исплата на уделите со што ќе истапат од фондот.

Со Фондот управува Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД Скопје, со седиште на ул. Васил Иљоски бр.8/1-3, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: Друштво за управување), кое има добиено одобрение за основање од Комисија за хартии од вредност со Решение УП бр.08-7/8 од 23.12.2022 година.

Депозитарна банка на Фондот е НЛБ Банка АД Скопје со седиште на бул. Мајка Тереза бр 1, 1000, Скопје.

## 3. ДАТУМ НА ОСНОВАЊЕ И ВРЕМЕ ЗА КОЕ СЕ ОСНОВА ФОНДОТ

Член 6

Отворен инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС СОЛАР е основан со добивање на одобрение од Комисијата за хартии од вредност, со Решение УП бр.08-7/8 од 23.12.2022 година.

Фондот е запишан во Регистарот на инвестициски фондови на Република Северна Македонија, од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, под идентификациски број: 9130000000241.

Фондот се основа на неопределено време.

## 4. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА УДЕЛИ (НАЧИН И МЕСТО КАДЕ МОЖАТ ДА СЕ ДОБИЈАТ АКТИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ФОНДОТ)

Член 7

Друштвото за управување ги известува сопствениците на удел во Фондот за:

- Годишни, полугодишни и квартални извештаи за работењето на Фондот;
- Дневна нето вредност на имотот на Фондот и вредноста на уделот;
- Цената на издавање и откуп на удели;
- Прекин на откупот и исплатата на удели;
- Измени на Статут и Проспект на Фондот и
- Други известувања предвидени со законските и подзаконските прописи.

Член 8

Сопствениците на удели можат да се информираат за било кој аспект од работењето на Фондот, на следните начини:

- Во седиштето на Друштвото за управување
- Web страна на Друштвото за управување;
- Медиуми;
- On-line известување;
- Писмено известување;
- Телефонски повик.

Постапката на информирање на сопствениците на удели е во зависност од избраниот начин на информирање.

Член 9

Ревидираните годишни финансиски извештаи, полугодишните финансиски извештаи, како и кварталните финансиски извештаи, Статутот и Проспектот на Фондот, сопствениците на удели можат да ги добијат во седиштето на Друштвото за управување, како и на интернет страната на Друштвото за управување.
Друштвото за управување на сопствениците на удели во отворениот фонд еднаш годишно им доставува извештај за состојбата и за тргувањето со уделите во фондот кои се во нивна сопственост.
Друштвото за управување е должно, на барање на сопствениците на удели или на нивен овластен застапник, на нивен трошок, да им достави извештај за состојбата и за тргувањето со уделите во отворениот фонд кои се во нивна сопственост.

## 5. ПРАВА ОД УДЕЛИ

Член 10

Правата од удели на сопствениците на удели во Фондот се:

1. право на информираност;
2. право на дел од добивката на Фондот се остварува со реинвестирање во Фондот, пропорционално на сите сопственици на удели, согласно со Статутот и Проспектот на Фондот;
3. право на продажба на удели од Фондот, односно обврска за откуп на удели;
4. право на исплата на дел од ликвидационата маса на Фондот.

Правата од удели на сопствениците на удели во Фондот се стекнуваат со запишување во Регистарот на удели во Фондот. Друштво за управување води Регистар на удели во Фондот согласно законските и подзаконските прописи.

Член 11

Сопствениците на удели имаат еднакви права во Фондот.
Уделите во Отворениот фонд не можат слободно да се пренесуваат, освен по основ на наследство или договор за поклон. Таквиот пренос има правно дејство по запишување на преност во Регистарот на удели во Фондот од страна на Друштво за управување.

## 6. ИНВЕСТИЦИСКИ ЦЕЛИ И РИЗИК ОД ВЛОЖУВАЊЕ И ОД СТРУКТУРАТА НА ФОНДОТ

Член 12

Фондот се основа со цел за здружување на парични средства наменети за инвестирање од домашни и/или странски физички и/или правни лица преку јавен повик, со кои за сметка на инвеститорите управува Друштво за управување, во согласност со Законот, Статутот и Проспектот на Фондот.
Прибирањето на паричните средства се врши преку продажба на удели во Фондот, односно преку купување на удели со што купувачите на удели засноваат договорен однос со Друштвото за управување, кое се обврзува дека со средствата ќе управува како со дел од заеднички имот, во согласност со условите назначени во Проспектот.
Отворениот инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС СОЛАР се категоризира како акциски фонд, со инвестициска тема чиста енергија (обновливи извори).
Отворениот инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС СОЛАР ќе инвестира во акции на компании кои произведуваат соларна енергија или компании кои финасираат, развиваат, произведуваат, инсталираат или оддржуваат опрема за соларна енергија, компании кои произведуваат водород користејќи сончева енергија, компании кои произведуваат полначи на батерии со сончева енергија за електромобили како и

комапнии кои се бават со продажба на сончева енергија,  акции од Македонска берза на Република Северна Македонија,  инвестициски фондови кои вложуваат во компании кои произведуваат соларна енергија или опрема за производство на соларна енергија и пари на сметка.

Член 13

Друштвото  за управување има за цел прибраните парични средства во Фондот да ги вложува во свое име и за сметка на сопствениците на удели, во финансиски инструменти на домашни и странски пазари на хартии од вредност, заради остварување приноси, пред се на долг рок, притоа почитувајќи ја инвестициската политика, постоечките ограничувања на вложувањата, како и принципите за ликвидност, профитабилност, диверзификација на ризикот, транспарентност, совесност и професионалност, заштита на интересите на странките, доверливост и тајност на податоците, непристрасност и неутралност.

Член 14

Ризикот кој произлегува од вложување во финансиски инструменти и од структурата на имотот на Фондот претставува и можност или веројатност приносите од вложувањата да бидат незадоволителни или негативни. Приносите од вложувањето во Фондот можат да бидат незадоволителни или негативни под дејство на следните видови ризици:

- Ризик од промена на цените на финансиските инструменти во кои е вложен имотот на Фондот (пазарен ризик)
- Ризик кој произлегува од промена на каматните стапки
- Кредитен ризик
- Валутен ризик
- Политички ризик
- Ризик од промена на даночните прописи
- Ризик поврзан со ликвидноста

Инвестициски цели и ризик од вложување и структурата на фондот поблиску се опишани во Проспектот на Фондот.

## 7. ВЛОЖУВАЊЕ ВО ФОНДОТ, НАЧИН НА ПРОДАЖБА И УПИС, КАКО И НАЧИН НА ОТКУП НА УДЕЛИ ВО ФОНДОТ

*НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА ВЛОЖУВАЊЕ*

Член 15

Најнискиот износ на вложување во Фондот изнесува 6.000,00 денари.

*ПРОДАЖБА И УПИС НА УДЕЛИ*

Член 16

Друштвото за управување издава, односно продава удели по добивање на одобрение за основање и организирање на Фондот од страна на Комисијата за хартии од вредност. Удели може да се продаваат само за парични средства.

Член 17

Друштвото за управување врши  продажба на удели во Фондот, преку овластени  лица, вработени во Друштвото за управување или други лица ангажирани од страна на Друштвото за управување со договор за посредување при продажба на удели склучен на неопределено време. Со Договорот, Друштвото за управување ги запознава лицата со начинот на работењето на Фондот, ги прави достапни актите на Фондот, и на сите

овластени лица за продажба, Друштвото за управување им издава легитимации за посредување при продажба/откуп на удели, на кои се наведени персоналните податоци и соодветно овластување за продажба на удели.
Продажба на удели во Фондот, покрај Друштвото за управување, може да вршат и други правни и физички лица кои имаат склучено договор за посредување со Друштвото за управувањето, како овластена банка согласно Законот за банки, или брокерска куќа со дозвола за работа од Комисијата за хартии од вредност.
Секое физичко лице кое има намера да врши работи на инвестициски агент е должно да поднесе барање до Комисијата за добивање на дозвола за работење.
Сите детали поврзани со купопродажба на удели од страна на правните и физичките лица со кои Дрштвото за управување ќе склучи Договор за посредување на купопродажба на удели на Фондот ќе бидат интерно уредени.

Член 18

Секој заинтересиран инвеститор може да купи удели во Фондот со уплата на парични средства на сметката на Фондот, по претходно поднесено Барање за купување на удели.
Формулари од Барање за купување удели може да се добијат во деловните регистрирани простории на Друштвото за управување, на интернет страната на Друштвото за управување и преку продажната мрежа воспоставена согласно член 18, став 1 и 2 на овој Статут.
Барање за купување удели може да се поднесе секој работен ден во деловните простории на Друштвото за управување и во воспоставената продажна мрежа.
При поднесување на Барање за купување удели, странката, физичко лице, треба да се легитимира со документација за лична идентификација (лична карта или пасош).
При поднесување на Барање за купување удели, странката, правно лице, треба да достави веродостоен документ согласно со законските прописи, како тековна состојба од регистрацијата или друг документ од надлежен орган.
Ако при поднесувањето на Барањето, странката, физичко или правно лице, се претставува преку полномошник, кон Барањето треба да приложи и нотарски заверено полномошно, кое треба да содржи изрично овластување за купување на удели.
Во определени специфични случаи (малолетно лице, или лице на кои му е делумно или целосно ограничена деловната способност), Барање за купување удели поднесува законски застапник (родител, старател, посвоител) на малолетното лице, или лицето на кое му е делумно или целосно ограничена деловната способност.

Член 19

Инвеститорите купуваат удели во Фондот според нето вредноста по удел на денот на купување (Т), доколку паричните средства се уплатени до 24 часот во работниот ден и е прифатено барањето за купување на удели во тековниот ден.
Барањата за продажба на удели кои се примени во неработен ден, Друштвото за управување ќе ги пресметува по цената на уделите од прывиот нареден работен ден.

Член 20

Друштвото за управување ги чува документите и податоците кои се однесуваат на сопствениците на удели на електронски медиум.
За продадените удели Друштвото за управување води Регистар на удели во Фондот, во електронска форма.
При продажба, уделите се запишуваат во Регистарот на удели на Фондот по извршената уплата, на денот на пресметка на нето вредноста на имотот на Фондот по удел по која се врши продажбата на уделите.
Правата од уделите се стекнуваат со запишување на уделите во Регистарот на удели во Фондот.

Член 21

Друштвото за управување за продадените удели издава Потврда за продажба, а на барање на вложувачите најдоцна во рок од 1 (еден) работен ден, по извршување на уплата во фондот.
Друштвото за управување е должно по реализација на барањата за продажба на удели, на вложувачот да му достави известување за извршено барање во писмена форма или на друг соодветен медиум без одлагање или најдоцна првиот работен ден по приемот на известувањето од трето лице, доколку третото лице е вклучено во процесот на реализација на барањето за продажба на удели.

*ОТКУП НА УДЕЛИ*

Член 22

Сопственикот на удели во секое време има право да побара исплата на уделот, со што ќе истапи од Фондот.
Сопственикот на удели може да поднесе Барање за откуп на сите или одреден број удели, кое може да го прибави во деловните простории на Друштвото за управување, од интернет страната на Друштвото за управување, како и преку продажната мрежа воспоставена од Друштвото за управување во согласност со законската и подзаконската регулатива.

Член 23

При поднесување на Барање за откуп на удели, странките се легитимираат со документи за утврдување на идентитет на начин и постапка како и при нивното купување.

Член 24

Откупот на удели во Фондот се врши според цената на вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на процена по поднесување на барањето за откуп на уделот.
Барањата за откуп на удели кои се примени во неработен ден, Друштвото за управување ќе ги пресметува по цената на уделите од првиот нареден работен ден.
При откуп, промената на бројот на удели се запишува во Регистарот на удели на Фондот на денот на исплатата.

Член 25

Друштвото за управување на сопственик кој продал удели, му издава потврда за откуп на удели, а на барање на вложувачот најдоцна во рок од 1 (еден) работен ден, по извршување на исплатата од Фондот.
Друштвото за управување е должно по реализација на барањата за откуп на удели, на вложувачот да му достави известување за извршено барање во писмена форма или на друг соодветен медиум без одлагање или најдоцна првиот работен ден по приемот на известувањето од трето лице, доколку третото лице е вклучено во процесот на реализација на барањето за откуп на удели.

Член 26

По поднесено Барање за откуп на удели од страна на сопственик на удели, Депозитарната банка по налог на Друштвото за управување го исплатува утврдениот износ на откупот, најдоцна во рок од седум календарски дена по приемот на Барањето за откуп на удели, на сметка наведена на подносителот во Барањето.

## 8. НАЧИН И ВРЕМЕ НА ПРЕСМЕТКА НА НЕТО ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ

Член 27

Вкупниот имот на Фондот на денот на вреднување претставува збир на вредноста на сите видови средства. Нето вредноста на имотот на Фондот на денот на вреднување ја претставува вкупната вредност на имотот на Фондот намалена за обврските на Фондот

истиот ден. Обврски на Фондот се: купување или продавање, односно вложување во финансиски инструменти; продажба и откуп на удели во Фондот и останати обврски согласно Законот (надомест за управување, надомест за Депозитарна банка и субдепозитарната банка, надомест за годишна ревизија, надомест за КХВ).

Член 28

Пресметувањето на нето вредноста на имотот на Фондот се врши согласно Законот за инвестициски фондови и Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста на имотот по удел или по акции во инвестицискиот фонд донесен од Комисијата за хартии од вредност.

Член 29

При пресметка на нето вредноста на имотот на Фондот и на цената по удел, Друштвото за управување е должно: да ја пресмета вкупната вредност на имотот и обврските на Фондот, за денот на вреднување во согласност со Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста на имотот по удел или по акции во инвестицискиот фонд донесен од Комисијата за хартии од вредност; да ја пресмета нето вредноста на имотот на Фондот на начин што вкупните средства на Фондот ќе ги намали за вкупните обврски на Фондот на денот на вреднување; да ја пресмета цената на уделот во Фондот на начин што нето вредноста на имотот на Фондот ќе се подели со вкупниот број на удели на денот на вреднување; да изврши продажба на удели по уредно примени барања за купување на удели и извршени валидни уплати на износи од барањата, притоа намалувајќи го уплатениот износ за трошокот за продажба на уделите, односно да го пресмета износот на обврските кои настанале на товар на Фондот по уредно примени барања за откуп на удели користејќи ја цената на уделите; да го пресмета бројот на удели во Фондот на денот на вреднување на начин што бројот на удели од последниот ден за кој се пресметува цената по удел, се зголемува за бројот на удели кој е добиен од реализација на барањата за купување удели на тој ден на вреднување, а за кои вложувачот извршил навремена уплата на износот на барањето за купување удели, и да се намали за бројот на удели кој е добиен од реализирање/извршување на барањата за откуп за денот на вреднување; да ја пресметува нето вредноста на имотот на Фондот по продажба и откуп на удели на начин што ќе овозможи нето вредноста на имотот на Фондот да се зголеми за вредноста на продадените удели и да се намали за вредноста на обврските за откупените удели.

Друштвото за управување е должно нето вредноста на имотот на Фондот и цената на удел да ја пресметува за секој ден, нареден работен ден. Барањата за продажба или откуп на удели во Фондот кои се примени во неработен ден, Друштвото за управување ќе ги пресметува по цена на удели од првиот работен ден.

Член 30

Нето вредноста по удел и вкупниот број на удели на Фондот се пресметува и изразува во четири децимални места. Сите зголемувања и намалувања на бројот на удели на инвеститорите во Фондот треба да бидат пресметани и изразени во четири децимални места.

## 9. ВРЕМЕ, НАЧИН И ЗАЧЕСТЕНОСТ НА ПРЕСМЕТКА НА ПРОДАЖНАТА ЦЕНА ПРИ ИЗДАВАЊЕ НА НОВИ УДЕЛИ ИЛИ ОТКУП НА УДЕЛИ, КАКО И НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ

Член 31

Друштвото за управување секој работен ден за претходниот ја пресметува нето вредноста по удел на Фондот, најдоцна до 16 часот. Ден на пресметка е денот на кој што се пресметува нето вредноста на имотот на Фондот.

Нето вредноста по удел е нето вредност на имотот на Фондот поделена со бројот на уделите на Фондот на денот на вреднување на нето вредноста на имотот на Фондот.

Член 32

Инвеститорите купуваат удели во Фондот според нето вредноста по удел на денот на купување (Т), доколку паричните средства се уплатени до 24 часот во работниот ден и е прифатено барањето за купување на удели во тековниот ден. Барањата за продажба на удели кои се примени во неработен ден, Друштвото за управување ќе ги пресметува по цената на уделите од првиот нареден работен ден.

Откупот на удели во Фондот се врши според цената на вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на процена по поднесување на барањето за откуп на уделот. Барањата за откуп на удели кои се примени во неработен ден, Друштвото за управување ќе ги пресметува по цената на уделите од првиот нареден работен ден.

Член 33

Нето вредноста на имотот на Фондот и нето вредноста на имотот на Фондот по удел ја пресметува Друштвото за управување, а ја контролира и потврдува Депозитарната банка која истовремено е одговорна и за точноста на пресметките кои се доставуваат до Комисијата за хартии од вредност.

Друштвото за управување ја пресметува нето вредноста на имотот на Фондот на начин што нето вредноста на имотот на Фондот ќе се подели со вкупниот број на удели на денот на вреднување.

Цената за продажба на новите удели и откуп на постојните удели е еднаква на нето вредноста на имотот на Фондот по удел.

Продажбата и откупот на удели од Фондот се врши во текот на денот по цена која во времето на извршување на Барањето за продажба или откуп на удели не е одредена. Единствено на утврдена цена по удел е дозволено да се пресметува и наплатува влезни и излезни провизии.

Член 34

Објавувањето на цената на уделите во Фондот се врши на веб страницата на Друштвото за управување, наведена во точка 1.6. од Проспектот на Фондот.

## 10. ОКОЛНОСТИ ПОД КОИ МОЖЕ ДА ДОЈДЕ ДО ПРЕКИН НА ПРОДАЖБА И ОТКУП НА УДЕЛИ

Член 35

Продажбата и откупот на уделите во Фондот може да се прекине доколку Друштвото за управување и Депозитарната банка сметаат дека не е можно да се утврди точната цена на имотот од портфолиото на Фондот, поради што престанува продажбата и откупот на удели во интерес на сопствениците или потенцијалните сопственици на удели.

Заради заштита на интересите на сопствениците или потенцијалните сопственици на удели заради неможност да се утврди точната цена на имотот од порфолиото на Фондот од страна на Друштвото за управување и Депозитарната банка, прекин и продолжување на продажбата и откупот на удели во Фондот може да покрене Друштвото за управување и Комисијата за хартии од вредност.

Прекин на продажбата и откупот на удели во Фондот може да настане и кога во рок од еден ден се доставаат Барања за откуп на удели од Фондот во износ поголем од 10% од вредноста на имотот на Фондот, а Фондот во законски пропишаниот рок не е во можност да ги реализира Барањата.

Член 36

Прекинот на продажбата и откупот на удели, Друштвото за управување го пријавува на Комисијата и го објавува во најмалку два дневни весника во Република Северна Македонија. Друштвото за управување може да изврши прекин на продажбата и откупот на удели, по добивање на согласност од Комисијата и за истиот писмено ги известува сопствениците на удели.
Друштвото за управување веднаш, не покасно од 24 часа по констатирањето дека не може да ја утврди точната цена на имотот од портфолиото на Фондот, до Комисијата за хартии од вредност доставува барање за добивање согласност на прекин на продажба и откуп на удели на Фондот.
Истовремено, Друштвото за управување објавува известување за прекин на продажба и откуп на удели на Фондот согласно Законот и на својата интернет страница.
Комисијата за хартии од вредност веднаш по доставувањето на пријава со барање за добивање согласност на прекин на продажба и откуп на удели на Фондот врши објавување на информација на својата интернет страница.

Член 37

Комисијата може да му наложи на Друштвото за управување и на Депозитарната банка привремено да ја прекине продажбата и откупот на удели, доколку се стекне со сознанија, или има оправдани причини за сомнеж дека на вложувачите им се нанесува штета поради неточната пресметка на цената на уделите во Фондот.

Член 38

Прекинот на продажбата и откупот на удели треба да заврши откако Друштвото за управување и Депозитарната банка ќе оценат дека е можно да се одреди точната цена на имотот од портфолиото на фондот, а најдоцна во рок од 28 дена од почетокот на престанокот, освен ако Комисијата не се согласи за продолжување на назначениот рок. Известувањето за продолжување на продажбата и откупот на удели во Фондот се објавува во најмалку два дневни весника во Република Северна Македонија.

Член 39

За времето додека трае прекинот на продажбата и откупот на уделите, Друштвото за управување може да продолжи со примање на Барања за продажба или откуп на удели кои ќе се реализираат по завршување на прекинот на откупот или продажбата на уделите, при што налогодавачите се информираат писмено дека нивните налози нема да бидат извршени во роковите предвидени со Проспектот и Статутот на Фондот.

## 11. ГОДИШЕН НАДОМЕСТ И ТРОШОЦИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И РАБОТА КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ И ОПИС НА НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИДНИТЕ ПРИХОДИ НА ВЛОЖУВАЧИТЕ

## НАДОМЕСТ И ТРОШОЦИ НА ТОВАР НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ

Член 40

На товар на имотот на Фондот се наплатуваат следните трошоци:

- Надоместок за управување;
- Други трошоци:
- Трошоци платени на Депозитарна банка;
- Трошоци поврзани со купопродажба на имот на Фондот
- Трошоци за годишна ревизија,
- Трошок за исплата на данок на имот и добивка на отворениот Фонд,
- Трошоци за месечен надоместок на Комисија

Член 41

Друштвото за управување на товар на имотот на Фондот наплатува надоместок за управување кој изнесува годишно 2,5% од вкупната вредност на имотот на Фондот која се намалува за износот на обврските на Фондот врз основа на вложувањата во финансиски инструменти.

Надоместокот се пресметува по следната формула: остварен годишен надоместок за управување x $\frac{1}{365}$ за непрестапна година или x $\frac{1}{366}$ за престапна година.

Член 42

Друштвото за управување плаќа надоместоци и трошоци на Депозитарната банка за работите кои се дефинирани во договорот со Депозитарната банка, Законот, Статутот и Проспектот на Фондот и Тарифата за надоместоци и трошоци за вршење на работи на Депозитарната банка. Друштвото за управување на Депозитарната банка ѝ плаќа надоместок на годишно ниво во зависност од висината на нето вредноста на имотот на Фондот за денот кој претходи на денот на вреднување, со примена на следниве стапки

- до 300.000.000,00 денари 0,30%
- од 300.000.001,00 -600.000.000,00 денари 0,27%
- од 600.000.001,00 -1.800.000.000,00денари 0,23%
- над 1.800.000.000,00денари 0,19%

Друштвото за управување на Депозитарната банка и плаќа и за трошоците за суб-депозитарна банка. Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци.

Член 43

На товар на имотот на Фондот, Друштвото за управување ги плаќа сите трошоците поврзани со купување и продавање на имот на Фондот, како што се:

- Трошоци за брокерски провизии
- Берзанска такса
- Централен депозитар за хартии од вредност
- Даноци
- Други трошоци поврзани со порамнување на трансакциите

Член 44

Други трошоци на товар на имотот на Фондот се:

- Трошоци за годишна ревизија,
- Трошок за исплата на данок на имот и добивка на отворениот Фонд,
- Трошоци за месечен надоместок на Комисија и

Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции, и истите се на товар на имотот на Фондот.

## НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ НА ТОВАР НА ИНВЕСТИТОРИТЕ

Член 45

Надоместоците кои се наплатуваат од инвеститорот во Фондот се:

- влезен надоместок кој се одбива од износот за уплата во моментот на продажба на уделите,
- излезен надоместок кој се одбива од нето вредноста на имотот на отворениот фонд по удел во моментот на откуп,
- трошок за премин од еден во друг фонд

- други опреративни трошоци утврдени со Статутот и Проспектот на Фондот (трошоци за маркетинг; трошоци за издавање извод од индивидуална сметка на барање на сопственикот на удели; трошоци за доделување на лозинка за пристап на индивидуалната сметка преку веб страната). Истите нема да се наплатуваат и се на товар на Друштвото за управување. Влијанието на годишниот надомест за управување, трошоците за управување и работа ги намалува идните приходи на вложувачите.

## НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УДЕЛИ (ВЛЕЗЕН НАДОМЕСТОК)

Член 46

Надоместок за издавање на удели (влезен надоместок) претставува надоместок кој го плаќа инвеститорот при уплата на парични средства во Фондот, со цел купување удели и истиот се одбива од износот на уплата во моментот на продажба на уделите, односно во моментот на конвертирање на парични средства во удели.
Продажбата на уделите на Фондот се врши по цена која е утврдена на денот на кој е извршена уплатата на сметката на Фондот, зголемена за влезен надоместок.

1. Еднократна уплата
Влезниот надоместок се пресметува на вкупниот износ на уплата.
Влезниот надоместок се пресметува според следните стапки:

| | |
|---|---|
| - до 100.000,00 денари | 3,5% |
| - од 100.001,00 денари до 500.000,00 денари | 3,0% |
| - од 500.001,00 денари до 1.000.000,00 денари | 2,5% |
| - од 1.000.001,00 денари до 3.000.000,00 денари | 2,0% |
| - од 3.000.001,00 денари до 5.000.000,00 денари | 1,5% |
| - над 5.000.001,00 денари | 1,0% |

Влезниот надоместок се пресметува по формулата:
Влезен надоместок (денари) = Инвестирана сума (денари) X влезен надоместок (%)/(100+ влезен надоместок ( %))
Пр. Ако се инвестираат 6210 денари влезниот надоместок ќе се пресмета:
Влезен надоместок (денари)= 6210*3,5/(100+3,5)= 210 денари.

2.План на програмирани уплати
Инвеститорите имаат можност да изберат програмирано инвестирање, односно план на програмирани уплати. Кај програмираните уплати инвеститорот одлучува за висината на вкупниот влог и динамиката на уплата на пропорционалниот дел од вкупниот влог во минимален временски период од 2 години. Уплатите можат да бидат месечни, квартални, полугодишни или годишни. За вкупниот износ на програмираната уплата, надоместокот за издавање на удели се наплаќа од првите уплати на пропорционален дел од вкупниот влог. Се додека не се наплати влезниот надоместокот не се пресметуваат удели. Откако ќе се наплати надоместокот, за понатамошните уплати нема да се наплатува влезен надоместок. Висината на влезниот надоместок се одредува во зависност од износот на вкупниот влог, согласно стапките и начинот на пресметка за еднократна уплата.

Пример: Ако Инвеститорот одлучи да инвестира средства во вкупен износ од 360.000,00 денари за период од 3 години, тогаш програмираните уплати би изнесувале:
- 10.000,00 денари во случај на месечни уплати
- 30.000,00 денари во случај на квартални уплати
- 60.000,00 денари во случај на полугодишни уплати, и
- 120.000,00 денари во случај на годишни уплати

Влезниот надоместок за горенаведената сума е 3% т.е. влезен надоместок (ден)= 360.000,00*3,00/(100+3,00)=10.484,50 ден. Оваа сума ќе биде наплатена со првата и втората пропорционална уплата, при што вредноста од 10.000,00 денари ќе се наплати од првата рата, (при што не се пресметуваат удели ) и вредноста од 484,5 денари ќе се наплати од втората рата ( при што се пресметуваа удели за 9.515,5 денари). Доколку инвеститорот се одлучи за инвестирање на истата сума но преку повеќе еднократни уплати, на пример десет еднократни уплати по 36.000 денари, сумата која би се платила на име влезен надоместок би изнесувал 1217,50 х 10= 12.175,00 денари. На овој начин, програмираните уплати се поповолни во споредба со еднократните вложувања, во однос на влезниот надоместок кој е понизок. Инвеститорот кој пристапил на план за програмирани уплати го завршува програмот со последната пропоционална уплата (односно во моментот кога ќе ја уплати вкупната договорена сума). Инвеститорот може да го прекине планот на програмирани уплати со поднесување на налог за делумен или целосен откуп на удели во Фондот, пред комплетирањето на планот на програмирани уплати. Во тој случај, инвеститорот неможе да побарува враќање на веќе наплатените надоместоци или услови за плаќање на понизок надоместок на натамошни уплати. Влезниот надоместок за сите дополнителни уплати кои не се опфатени во планот на програмирани вложувања се наплатува во согласност со горенаведените стапки за еднократни уплати, и соодветнот начин на пресметка.

3. Нееднакви уплати во одреден временски период

Инвеститорите имаат можност да изберат да вложат одредена сума на средства во утврден временски интервал преку нееднакви уплати, со што ќе се квалификуваат во група со понизок влезен надоместок. Намената на овие уплати е за инвеститори кои имаат променливи приходи во ралични временски интервали. Нееднаквите уплати се однесуваат на конкретна сума внесена во барањето за купување на удели, која може да се уплати во определен период на повеќе рати, при што влезниот надоместок се наплаќа од првата уплата, која мора да биде повисока од влезниот надоместок. Минималната уплата(рата) не смее да биде помала од 6000 денари, додека максималната уплата (рата) може да биде максимално до неуплатениот дел од сумата во барањето, т.е. како разлика на наведена сума во барањето и веќе уплатените рати. Инвеститорот сам определува колкава сума ќе внесува и кога ќе ги реализира уплатите(ратите), со тоа што сите уплати треба да бидат реалзиирани во рокот определен во барањето и збирот на сите уплати(рати) треба да биде еднаков со сумата навеведена во барањето.

Пример: Инвеститорот донесува одлука дека ќе уплати средства во износ од 360.000,00 денари во рок од 3 години. Во тој случај инвеститорот има обврска да го уплати наведениот износ во утврдениот временски период во зависност од расположивите средства. Влезниот надоместок за горенаведената сума е 3% т.е. влезен надоместок (ден) = 360.000,00*3,00/(100+3,00)=10.484,50 ден. Оваа сума ќе биде наплатена при првата(те) нееднаква(и) уплата(и), односно за понатамошните уплати нема да се наплатува влезен надоместок. Доколку инвеститорот се одлучи за инвестирање на истата сума но преку повеќе еднократни уплати на пример десет еднократни уплати по 36.000 денари, сумата која би се платила на име влезен надоместок би изнесувала 1217,50 х 10= 12175,00 денари. На овој начин, нееднаквите уплати во одреден временски период се поповолни во спредба со еднократните вложувања, во однос на влезниот надоместок која е пониска. Инвеститорот кој пристапил на нееднакви уплати во одреден временски период, истите ги завршува во моментот кога ќе ја уплати вкупната договорена сума. Разликата во влезниот надоместок која важи за еднократна уплата и нееднакви уплати во одреден временски период, која би се појавила како резултат на неисполнување на обврските за уплата на вкупната договорена сума која инвеститорот се обврзал да ја вложи, ќе биде дополнително наплатена со задржување на средства во висина на разликата при првиот нареден откуп на удел.

Разликата меѓу нееднаквите уплати и програмираните уплати е во тоа што кај програмираните уплати, времето и ратата на уплата се однапред определени. Кај нееднаквите уплати износот на ратата и времето кога ќе биде уплатен износот, ги определува инвеститорот.

4. Договор за инвестициски план
Договор за инвестициски план претставува договор во корист на трети лица, кои што со склучување на ваквиот договор стануваат членови на инвестицискиот план, односно крајни корисници. Овој договор може да биде склучен помеѓу правно лице – кое може да се јави како работодавач или обезбедувач на стоки и услуги, здружение на работодавачи, професионално здружение, синдикат, конзорциум или друг облик на здружување на лица кој е регистриран согласно со закон (во понатамошниот текст: Организатор) и Друштвото за управување. Врз основа на Договорот, Организаторот се обврзува да уплатува парични средства во Фондот со цел купување на удели во корист на своите вработени, односно членови, а Друштвото за управување е обврзано да ги вложува тие средства согласно Законот, Статутот, Проспектот, како и поставените цели и инвестициската политика на Фондот. Организаторот е должен да достави до Друштвото за управување известување за престанок на работен однос, деловен однос, односно за престанок на сите идни уплати на сметка на било кој член, по било кој основ. Член на инвестициски план на кого му престанал работниот однос, деловниот однос, односно својство на член на Организаторот, може да остане во Фондот или да поднесе Барање за откуп на удели, согласно со Статутот и Проспектот на Фондот.
Вредноста на договорениот износ во Договорот за инвестициски план ќе биде согласно точка 6.2, наслов надоместок за издавање на удели-влезен надоместок, точка 1 – еднократна уплата од Проспектот на Фондот по следнава формула:
Влезен надоместок (денари) = Инвестирана сума (денари) Х влезен надоместок (%)/ (100+ влезен надоместок ( %))

5.Дополнително намалување на трошоци за издавање на удели (влезен надоместок )
Акционерите на Друштвото за управување се ослободуваат од плаќање на влезниот надоместок. Друштвото може да го намали или во целост да го ослободи од плаќање на влезен надоместок инвеститорот доколку се работи за полиси за животно осигурување врзани со инвестициски фондови-т.н. unit linked продукти или доколку инвеститорот е банка, инвестициски фонд, осигурителна компанија, пензиски фонд, како и други институционални инвеститори.
Доколку се оцени дека се работи за клиент-правно или физичко лице кое што може да допринесе за значаен раст на ангажираните средства во фондот, да привлече дополнителни клиенти, значајно да ја подобри состојбата на средствата и на тој начин да обезбеди законска усогласеност на Фондот, извршните директори може да го намали или во целост ослободи од плаќање надоместокот за издавање на удели. Секое намалување односно ослободување од плаќање надоместокот за издавање на удели е предмет на одобрување од страна на извршните директори.
На сите вложувачи кои во определен временски промотивен период ќе извршат еднократна уплата во Фондот нема да им се наплатува влезен надоместок, а тоа е предмет на одобрување од страна на еден од извршните директори.

## НАДОМЕСТОЦИ ЗА ОТКУП И ИСПЛАТА НА УДЕЛИ (ИЗЛЕЗЕН НАДОМЕСТОК)

Член 47

Излезен надоместок кој се одбива од нето вредноста на имотот на отворениот фонд по удел во моментот на откуп, односно во моментот на конвертирање на удели во парични средства.
Трошоци за откуп и исплата на удели од Фондот (излезен надоместок) ќе се наплатува во вредност од 1% на исплатениот износ доколку вкупниот приносот на нето

инвестирани средства е поголем од 15% независно од временскиот период на управување на средствата.
Излезниот надоместок кога се наплатува се пресметува по следната формула:
Излезен надоместок (денари) = Број на откупени на удели X Нето вредност по удел (денари) X излезен надоместок (%)/ (100+ излезен надоместок ( %))

Пр.1. Ако се вложени нето 100.000,00 денари и се купени 1000,0000 удели по цена од 100,0000 денари, независно кога се прави откупот, ако на денот на откуп вредноста на уделот е 116,0000 денари, вкупниот принос ќе биде (116X1000-100X1000)/(100X1000)=16%. Во овој случај ќе се наплати излезен надоместок од 1%, односно излезниот надоместок ќе се пресмета како: Излезен надоместок (денари) = 1000,0000 X 116,0000 X 1 /(100+1)=1148,5149 денари.

Пр.2. Ако се вложени нето 100.000,00 денари и се купени 1000,0000 удели по цена од 100,0000 денари, независно кога се прави откупот, ако на денот на откуп вредноста на уделот е 114,0000 денари, вкупниот принос ќе биде (114*1000-100X1000)/(100X1000)=14%. Во овој случај нема да се наплати излезен надоместок.
Излезниот надоместок не се наплатува во случај на ликвидација на Фондот без оглед на причините за ликвидација.

1.Дополнително намалување на излезен надоместок за откуп и исплата на удели
Акционерите на Друштвото се ослободуваат од плаќање излезен надоместок.
Друштвото може да го намали или во целост да го ослободи од плаќање на излезен надоместок за откуп на удели инвеститорот доколку е банка, инвестициски фонд, осигурителна компанија, пензиски фонд како и други инстутционални инвеститори. Секое намалување односно ослободување од плаќање надоместокот за откуп и исплата на удели (излезен надоместок) е предмет на одобрување од страна на извршните директори.

## ТРОШОЦИ ЗА ПРЕМИН ОД ЕДЕН ВО ДРУГ ФОНД УПРАВУВАН ОД ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

Член 48

Инвеститорите имаат можност да извршат пренос на уделите од еден во друг Фонд управуван од страна на Друштвото за управување. Во случај на пренос на уделите од еден во друг Фонд, ќе се наплатува надомест во вид на влезна провизија во износ од 1% од износот на парични средства кои се пренесуваат. Надоместокот за пренос ќе се наплатува само за оној фонд кој во проспектот има предвидено можност за наплата на влезен надоместок. Бројот на преноси кои може еден инвеститор да ги врши во текот на една календарска година е ограничен на 3 преноси.

## 12. ПРЕСМЕТКА И ИСПЛАТА НА ДЕЛ ОД ДОБИВКАТА НА ФОНДОТ

Член 49

Правото на учество во добивката сопствениците на удели во Фондот го остваруваат преку откупот на удели, како разлика помеѓу влезната и излезната цена на уделот намалена за сите трошоци и надоместоци. Приходите од инструментите во кои се вложени средствата на Фондот, како што се капиталните добивки, позитивните курсни разлики, дивиденди и каматни приходи автоматски ќе се реинвестираат со цел да се зголеми вредноста на уделите во Фондот.

## 13. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ФИСКАЛНА ГОДИНА

Член 50

Фискалната година трае од 01 Јануари до 31 Декември.

## 14. ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

Член 51

Статутот на Отворениот инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС СОЛАР е донесен со Одлука бр.02-78/2 од 22.05.2024 година од Одборот на директори, а одобрен од Комисијата за хартии од вредност, со Решение УП бр._________________година.

## 15. ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

Член 52

Целосниот назив на Друштвото за управување е: Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС АД СКОПЈЕ (во понатамошен текст: Друштво за управување).

Скратениот назив на Друштвото за управување гласи: ИНОВО СТАТУС АД Скопје.

Седиштето на Друштвото за управување е на ул.Васил Иљоски бр.8/1-3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

Матичниот број на Друштвото за управување е 6255582.

Друштвото за управување е основано со одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, со Решение бр. 07-1562/6 од 08.08.2007 година. Друштвото за управување е запишано во Централниот Регистар на Република Македонија, Трговскиот регистар на ден 21.08.2007 година.

Член 53

Висината на основната главнина на Друштвото за управување изнесува 297.654 Евра, во денарска противвредност според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија.

Член 54

Друштвото за управување врши работи на основање и управување со отворени инвестициски фондови, како и работи на инвестиционо советување на клиенти во согласност со Законот и Статутот на Друштвото за управување.

Член 55

Друштвото за управување врши работи на управување со Фондот, односно вложување на парични средства во свое име а за сметка на сопствениците на удели, во согласност со Законот, Статутот и Проспектот на Фондот.

Член 56

Друштвото за управување е должно управувањето со Фондот да го врши со внимание на добар стопанственик, да се придржува на начелата на совесност и чесност, навремено и целосно да ги исполнува сите права и обврски предвидени со Законот, Проспектот и Статутот на Фондот.

Друштвото за управување при извршување на работењето ќе се придржува на сите законски ограничувања, забранети дејства и судир на интереси, а се со цел остварување на интересите на сопствениците на удели во Фондот.

Член 57

Друштвото за управување е одговорно за вршење на дејноста на управување со Фондот во согласност со законските и подзаконските прописи, Статутот и Проспектот на Фондот. Друштвото за управување одговара за штетата причинета на сопствениците на удели во Фондот за делување спротивно на одредбите од Законот, подзаконските прописи, Статутот и Проспектот на Фондот.

Друштвото за управување одговара за правните работи склучени во свое име и за сметка на сопствениците на удели во Фондот, со целокупниот свој имот.

## 16. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

Член 58

За се што не е регулирано со овој Статут ќе се применуваат одредбите од Законот за инвестициски фондови и другите законски и подзаконски прописи.

Член 50

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесувањето, а ќе се применува по добивање согласност од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

Со денот на добивање согласност на Статутот на Фондот од страна на Комисијата за хартии од вредност престанува да важи: Статутот бр.09-189/1 на Отворениот инвестициски фонд ИНОВО СТАТУС СОЛАР донесен на 07.12.2022 година, а одобрен од Комисијата за хартии од вредност, со Решение бр. 08-7/8 од 23.12.2022 година

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**ИВЕЛИНА ИВАНОВА**